# УПАТСТВО

ЗА АКТИВИРАЊЕ И ИНСТАЛАЦИЈА НА ДИГИТАЛЕН СЕРТИФИКАТ НА ДЕСКТОП КОМПЈУТЕР И/ИЛИ ЛАПТОП ПРЕКУ MICROSOFT EDGE

СПОДЕЛИ ДОЖИВУВАЊА

# СОДРЖИНА

Содржина ..................................................................................................................... 2
Воведни препораки ..................................................................................................... 3
Активирање на сертификат ........................................................................................ 4
1. Нагодување на Edge за повлекување на дигитални Сертификати ............................... 4
2. Нагодување на ActiveX контроли и Trusted Sites ........................................................... 6
3. Поставување на коренската (root) датотека на Trusted сертификати .......................... 9
4. Активирање на Вашиот сертификат на десктоп компјутер /лаптоп (без употреба на токен) ........................................................................................................ 12
5. Експортирање на сертификатот во фајл ...................................................................... 17
6. Импортирање сертификат од фајл на десктоп компјутер/лаптоп ............................. 22

## ВОВЕДНИ ПРЕПОРАКИ

Ова упатство е наменето за сите корисници на:

- Напреден е-потпис (Квалификуван сертификат за  напреден електронски потпис) и
- Напреден е-печат (Квалификуван сертификат за напреден електронски печат)

Ги опишува чекорите за активирање и инсталација на сертификатот на десктоп компјутер и/или лаптоп.

ПРЕДУСЛОВ :

За инсталација и активирање на сертификатот, со склучување на договорот за користење на Квалификуван сертификат за напреден електронски потпис или Квалификуван сертификат за  напреден електронски печат, Македонски Телеком ви доставува авторизацискиот код и референтниот број. Референтниот број го добивате преку е-пошта,  додека авторизацискиот код го добивате по SMS.

ВАЖНО!

1. Времетраењето на авторизацискиот код и референтниот број е 30 дена од издавањето.
2. За инсталација и активирање потребно е да го користите **Microsoft Edge**
3. **Запомнете ја лозинката** потребна при користење на сертификатот, а која ја креирате при повлекување на Вашиот сертификат.
4. Експортираниот сертификат зачувајте го на безбеден медиум (токен), во случај на дефект на компјутерот или форматирање.

АКТИВИРАЊЕ НА СЕРТИФИКАТ

За да започнете со процесот на активирање на сертификатот, отворете го **Microsoft Edge** прелистувачот и внесете ја адресата: https://ca.telekom.mk. За успешно активирање на сертификатот, потребно е подесување на самиот прелистувач и поставување на https://ca.telekom.mk во Trusted Sites и сите ActiveX контроли да бидат поставени на Enable.

## 1. НАГОДУВАЊЕ НА EDGE ЗА ПОВЛЕКУВАЊЕ НА ДИГИТАЛНИ СЕРТИФИКАТИ

А. Отворете го **Microsoft Edge**

Б. Кликнете на трите точки „**...**“ во десниот агол и одберете **Settings**




В. Одберете ја опцијата **Default Browser** и изберете:

a. **Internet Explorer compatibility** -> *Incompatible sites only (Recommended)*

b. **Allow sites to be loaded in Internet Explorer mode** -> *Allow*




c. **Internet Explorer mode pages** -> Кликнете на *Add* и додадете ги страните:

[https://ca.telekom.mk/](https://ca.telekom.mk/)
[https://ca.telekom.mk/cda-cgi/clientcgi.exe](https://ca.telekom.mk/cda-cgi/clientcgi.exe)







Г. Затворете го пребарувачот (Microsoft Edge) и повторно изберете го линкот:

[https://ca.telekom.mk/](https://ca.telekom.mk/)

Д. На левата страна од адресната линија треба пред името на сајтот да го има знакчето од **Internet Explorer**  **.** Доколку го немате, НЕ продолжувајте, проверете ги претходните чекори.



## 2. НАГОДУВАЊЕ НА ACTIVEX КОНТРОЛИ И TRUSTED SITES

А. За да ги направите нагодувањата, одете во **Control Panel** и одберете **Internet options**




Б. За да ја додадете веб-страницата https://ca.telekom.mk во **Trusted Sites** кликнете на табот **Security**. Кликнете на копчето Sites. Во новоотворениот прозор во полето **Add this website to the zone**, внесете https://ca.telekom.mk и кликнете **Add**. По додавањето на адресата изберете **Close**.






В. Продолжете со работа во прозорот **Internet Options** и под табот **Security** кликнете на **Custom Level** во долниот дел од прозорот (**Trusted sites** треба да остане избрано). Ќе се отвори прозорецот **Security Settings – Trusted Sites Zone** со листа на опции.







Г. Од дадената листа, следниве ставки поставете ги на Enable:

- **ActiveX controls an plug-ins, Allow previously unused ActiveX controls to run without prompt**
- **Automatic prompting for ActiveX controls**
- **Download signed ActiveX controls**
- **Download unsigned ActiveX controls**
- **Initialize and script ActiveX controls not marked as safe for scripting**
- **Only allow approved domains to use ActiveX without prompt**
- **Run ActiveX controls and plug-ins**
- **Script ActiveX controls marked safe for scripting**










Д. Кликнете двапати на ОК за да се затворат прозорите.

# 3. ПОСТАВУВАЊЕ НА КОРЕНСКАТА (ROOT) ДАТОТЕКА НА TRUSTED СЕРТИФИКАТИ

А. Отворете го прелиствувачот **Microsoft Edge** или Internet Explorer и внесете ја адресата: https://ca.telekom.mk.

Б. Доколку се појави, изберете ја опцијата **Continue to this website (not recommended).**




В. Од десната страна на прозорот изберете **Презмете го коренскиот (root) сертификат**.



Г. Симнатиот фајл (сертификат) отворете го со кликање на копчето **Open**.




Д. Инсталирајте го сертификатот со избор на **Install Certificate**.




Ѓ. Дозволете Windows автоматски да избере каде да го складира сертификатот.






Е. По успешно импортирање на **root** сертификатот, кликнете **Finish** па **OK**.



## 4. АКТИВИРАЊЕ НА ВАШИОТ СЕРТИФИКАТ НА ДЕСКТОП КОМПЈУТЕР /ЛАПТОП (БЕЗ УПОТРЕБА НА ТОКЕН)

Внесете ја адресата https://ca.telekom.mk во веб прелистувач. Од дадените опции изберете ја опцијата “**Креирај сертификат за веб пребарувач”.**




Б. Кликнете на Yes за да дозволите креирање на сертификат (**АКО НЕ СЕ ПОЈАВИ ОВАА ПОРАКА, НАГОДУВАЊАТА НЕ СЕ ВО РЕД – ВРАТЕТЕ СЕ НА ПРЕТХОДНАТА ГЛАВА ОД УПАТСТВОТО**)



В. Во полето за референтен број го внесувате бројот што го добивате по електронска пошта, додека пак во полето за авторизациски код го внесувате бројот што го добивате по СМС порака.

Во полето за CSP Provider-от задолжително изберете ги следниве опции:

- CSP type: RSA full
- CSP: Microsoft Enhanced Cryptographic Provider v1.0
- Key size: 2048




**НАПОМЕНА**:

**Во случај да изберете друг CSP, ризикувате губење на сертификатот по што ќе треба да доставите ново барање за нов сертификат.**

**Доколку во полето за избор го нема Microsoft Enhanced Cryptographic Provider v1.0, ќе треба да се направи Run на ActiveX контролата која се појавува како предупредување во Information bar-от на Browser-от.**

Г. Кликнете YES за потврда дека го повлекувате сертификатот.




Д. Кликнете на копчето Set Security Level.




Ѓ. Во новиот прозорец изберете High и кликнете на Next.




Е. Во полето Password и Confirm **внесете лозинка која подоцна ќе ја користите при потпишување со сертификатот** (лозинката треба да има најмалку 8 карактери и да содржи голема буква и барем една бројка или специјален карактер). Процесот завршете го со кликање на копчето "Finish".

**ВАЖНО!**

Ова е ВАШАТА лозинка. Запомнете ја оваа лозинка. Без неа сертификатот кој сте го повлекле на компјутерот нема да функционира.




Ж. Завршете со креирање на вашиот приватен клуч со избирање на  OK.




З. Кликнете на Yes за да дозволите креирање на сертификат



ВАЖНО!

**Почекајте да се креира дигиталниот сертификат. Траењето може да биде од дваесетина секунди до неколку минути. НЕ КЛИКАЈТЕ REFRESH, RESTART или BACK за време на креирањето на сертификатот. Системот ќе ве извести со порака за успешно или неуспешно креирање на сертификат. При успешно креирање ќе ја добиете следнава порака:**



## 5. ЕКСПОРТИРАЊЕ НА СЕРТИФИКАТОТ ВО ФАЈЛ

Експортирање на сертификатот може да се направи само на компјутерот кој веќе го има Вашиот сертификат. Тоа е компјутерот на кој сте го повлекле сертификатот, под услов во меѓувреме да не сте го избришале.

А. За да ги направите нагодувањата, одете во **Control Panel** и одберете **Internet options**




Б. Во табот **Content** избирете **Certificates.**



В. Селектирајте го вашиот персонален сертификат и кликнете **Export**




Г. Кликнете NEXT...




Д. Во следниот чекор, селектирајте ја опцијата **Yes, export the private key, со што ќе овозможите** правилно функционирање на сертификатот.




Ѓ. Во следниот прозорец задолжително изберете ги посочените опции:




Е. По кликање на копчето Next од претходниот чекор, постапката води до внесување на лозинка. Ја внесувате истата лозинка која ја внесовте за сертификатот при процесот на

Активирање на Вашиот сертификат на десктоп компјутер/лаптоп (без употреба на токен) [(страница 13, точка Е во ова упатство)].




Ж. Во следниот чекор го бирате името на фајлот и локацијата каде што сакате да го зачувате сертификатот.







Типот на фајлот треба да е .pfx







Внесете ја лозинката која ја ставивте при повлекувањето на сертификатот:




На крајниот преглед за експортирање на сертификатот избирете OK.




**НАПОМЕНА:**

**Направете експортирање на сертификатот и зачувајте го на безбедносен медиум (токен) за во случај на дефект на компјутерот или потребно форматирање.**

**Лозинката креирана при активирање на сертификатот Ви е неопходна за користење на сертификатот, запомнете ја.**

## 6. ИМПОРТИРАЊЕ СЕРТИФИКАТ ОД ФАЈЛ НА ДЕСКТОП КОМПЈУТЕР/ЛАПТОП

Доколку сакате сертификатите кои претходно ги имате експортирано во фајл (согласно точка 4. од ова упатство) да ги внесете на друга локација (десктоп комјутер/лаптоп), следете ги следниве чекори:

А. Изберете ја локацијата каде што Ви е експортиран сертификатот. Со двоен клик на него се отвора следниов прозорец:
(Сертификатот мора да е експортиран во PKCS#12 (.pfx) формат)




Со избирање на Next преминете на следниот чекор.

Б. На следниот прозорец кликнете Next (PFX фајлот што го кликнавте е автоматски поставен).



В. Внесете ја лозинката за Вашиот сертификат, и означете ги посочените полиња во дадената слика и кликнете на Next:




Г. На следниот прозорец одберете “**Automatically select the certificate store based on the type of certificate”** и кликнете на Next:




Д. Кликнете на Finish.



Ѓ. Од новиот прозорец одберете **Set Security Level.**




Е. Изберете High и кликнете на Next.




Ж. Внесете ја лозинката за сертификатот два пати и кликнете на Finish. (Лозинката не треба да е помала од 6 карактери и мора да содржи барем една бројка или буква.)




З. Кликнете на копчето ОК.




S. На последниот чекор треба да се појави прозорец со порака, **The import was successful**. Кликнете на ОК.

